27. Измена и дополнување на ДУП за град Кочани со граници: југ - ул.Крсте Мисирков, запад - ул.9-тиМај, север-постоечка улица, исток -колско пешачка улица.

II.

Програмта влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општината Кочани".

Бр. 07 - 1294/1
24.07.2006 година
Кочани

Претседател,
на Советот на општина Кочани
Георги Петров

---

Врз основа на член 94 од Статутот на општина Кочани ("Сл.гласник на општина Кочани" бр. 3/2006 година), Советот на општина Кочани, на седницата одржана на ден 21.о7.2006 година, донесе

**ПРАВИЛА**

За работа на облиците на месна самоуправа на подрачјето на општина Кочани

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овие Правила се уредува работата на облиците на месна самоуправа на подрачјето на општина Кочани и други прашања од непосреден интерес за граѓаните од соодветните облици на месна самоуправа.

ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНА САМОУПРАВА

Член 2

Облиците на Месната самоуправа работат во согласност со Статутот на општина Кочани и Закон.

Член 3

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот на месна самоуправа.

Советот на месна самоуправа е составен од 5 членови.

Мандатот на членовите на Советот на месна самоуправа трае 4 (четири) години.

Член 4

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на Собир на граѓани од подрачјето на обликот на месна самоуправа.

Член 5

Со Собирот на граѓаните раководи работно претседателство од 3 (три) члена кое се избира од присутните граѓани.

Член 6

Собирот на граѓаните го свикува Градоначалникот на општина Кочани во рок од 15 дена од денот на донесувањe на Одлуката на Советот на општина Кочани по Иницијативата за основање на облик на Месна самоуправа.

Член 7

Предлог на кандидат за член на Советот на обликот на месна самоуправа може да поднесе секој граѓанин кој има избирачко право.

Секој предложен кандидат дава согласност за прифаќање на кандидатурата.

Член 8

За утврден кандидат за член на Советот на обликот на месна самоуправа се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните граѓани на Собирот.

Член 9

На Собирот на граѓаните можат да се предложат најмногу двапати повеќе кандидати отколку што се избираат членови на Советот на обликот на месна самоуправа.

Член 10

Членовите на Советот на обликот на месна самоуправа се избираат со јавно гласање до колку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Член 11

Членовите на Советот на обликот на месна самоуправа се избираат со мнозинство на гласови од присутните граѓани

на Собирот кои имаат избирачко право, со јавно гласање.

Член 12

Кога Собирот на граѓани ќе одлучи членовите на Советот на обликот на месна самоуправа да се избираат со тајно гласање, тајното гласање го спроведува Комисија која ја избира Собирот и е составена од 3 (три) члена.

Член 13

Ако при гласање за членови на Советот на обликот на месна самоуправа двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови, гласањето се повторува за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на Советот на обликот на месна самоуправа не се избере потребниот број на членови на Советот, ќе се спроведе нова постапка за избор на онолку кандидати колку не се избрани.

Член 14

Првата седница на Советот на обликот на месна самоуправа ја свикува најстариот член на Советот во рок од 10 дена по одржување на Собирот на граѓаните.

Член 15

До колку првата седница на Советот на обликот на месна самоуправа не се свика во рок од 10 дена, членовите на Советот сами се состануваат.

Член 16

На првата седница на Советот, членовите на Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот избираат претседател.

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање до колку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Во случај на отсуство Претседателот на Советот на обликот на месна самоуправа го заменува член што Советот сам ќе го определи од составот на Советот.

Член 17

Советот на обликот на месна самоуправа работи на седници.

Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот по потреба.

Претседателот на Советот ги свикува седниците на Советот, раководи со седниците на Советот, се грижи за организацијата на Советот, ги потпишува одлуките што ги донесува Советот и е должен во рок од 8 (осум) дена од нивното донесување да ги достави до Градоначалникот на разгледување и за нивно објавување во Билтен на општината.

Член 18

Советот работи и одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на Советот на обликот на месна самоуправа.

Член 19

Во случај на престанок на мандат на член на Советот на обликот на месна самоуправа од било која причина, на негово место Советот на месна самоуправа го именува кандидатот кој на Собирот на граѓаните при предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на месна самоуправа добил редоследно најголем број на гласови.

Член 20

Советот на обликот на месната самоуправа се грижи за:

- Решавање на прашања од комуналната инфраструктура за соодветното подрачје;
- Одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- Заштита на животната средина и природата;
- Уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- Покренување иницијатива за уредување на просторот, изградба и реализација на инфраструктурни објекти од јавен интерес;
- Организирање културни, спортски, забавни и други манифестации;
- Давање иницијативи и предлози до надлежните органи на општината за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните;
- Формира помошни тела;
- Ги врши доверените надлежности од општината;
- Покренува и врши и други работи непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Член 21

Работите определени во претходниот член (член 19) се финансираат од:

- Средствата што општината ќе им ги одстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;

- Средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;

- Средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;

- Средства од надомест на услуги;

- Подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата од ставот 1 се врши преку Буџетот на општината.

Член 22

Надзор над материјално-финансиското работење на облиците на месна самоуправа врши Комисија за надзор.

Комисијата за надзор е составена од Претседател и 2 (два) члена.

Комисијата за надзор се избира на Собир на граѓани со јавно гласање.

Комисијата за надзор поднесува Извештај до Советот на обликот на месна самоуправа и го информира Советот на општина Кочани.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Овие Правила за работа на облиците на месна самоуправа стапуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општината Кочани".

Бр. 07 - 1305/1
24.07.2006 година
К о ч а н и

Претседател,
на Советот на општина Кочани
Георги Петров

---

Врз основа на член 57, 58, 59 и 60, од Статутот на општината Кочани ("Сл. гласник на општината Кочани" бр. 3/06) и член 36 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), Советот на општината Кочани на седницата одржана на ден 21.о7.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За наградите на општината Кочани**

Член 1

Со оваа Одлука се востановуваат награди што ги доделува општината Кочани, се уредува начинот на доделување на наградите како и составот и начинот на работа на Одборот за доделување на награди.

Член 2

Во општината Кочани се востановуваат следните награди:

1. Награда "7 Септември";

2. Награда на општината Кочани за значајни остварувања во областа на образованието и воспитанието;

3. Награда на општината Кочани за значајни остварувања во областа на здравството, социјалната заштита, хуманитарната дејност и невладините организации;

4. Награда на општината Кочани за значајни остварувања во областа на културата, уметноста, новинарството и публицистиката и спортот;

5. Награда на општината Кочани за значајни остварувања во областа на стопанството, науката и заштитата на животната средина;

Наградите од претходниот став се во паричен износ.

Член 3

Со паричниот износ се доделува и Повелба во која се впишува датата на доделувањето на Наградата, име и презиме, односно назив на добитникот, како и делото и остварувањата за кои се доделува Наградата.

Повелбата ја потпишува Претседателот на Одборот за доделување на награди.

Член 4

Со Наградата 7 Септември се оддава највисоко признание за животно дело во областа на науката, иноваторството, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес.

Висината на Наградата од став 1 на овој член изнесува 4 (четири) просечни плати исплатени во претходните три месеци во Република Македонија.